РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија донесе Одлука со која се врши **намалување** на малопродажните цени на нафтените деривати во просек за **1,50 %** во однос на одлуката од 23.11.2022 година.

**Референтните цени на нафтените деривати на светскиот пазар во споредба со претходната пресметка бележат намалување во просек: кај бензините за 1,789%, кај дизелот за 4,373%, кај екстра лесното за 4,239% и кај мазутот намалувањето е за 4,249%.**

Курсот на денарот во однос на доларот во изминатиот период по кој беа формирани цените со претходната пресметка е **повисок за 0,252%.**

**Малопродажната цена на ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е V) и на Екстра лесното масло за домаќинство на (ЕЛ-1) се намалуваат за 2,00 ден/лит**

**Малопродажната цена на Мазутот М-1 НС се намалува за 1,263 ден/кг и сега ќе изнесува 41,783 ден/кг.**

**Малопродажните цени на бензините ЕУРОСУПЕР БС-95 и ЕУРОСУПЕР БС-98 не се менуваат.**

**Од 25.11.2022 година од 00:01 часот максималните цени на нафтените деривати ќе изнесуваат:**

| | | |
|---|---|---|
| **Моторен бензин** | **ЕУРОСУПЕР БС - 95** | **86,50 (денари/литар)** |
| **Моторен бензин** | **ЕУРОСУПЕР БС - 98** | **88,50 (денари/литар)** |
| **Дизел гориво** | **ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)** | **88,00 (денари/литар)** |
| **Масло за горење** | **Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)** | **83,50 (денари/литар)** |
| **Мазут М-1 НС** | | **41,783 (денари/килограм)** |

Напоменуваме дека ова се максималните цени на нафтените деривати од 00:01 часот на 25.11.2022 година. Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките утврдени цени.

24.11.2022

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk